ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН РЕВИЗОРСКИ ИЗВЕШТАЈ

## ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА УСПЕШНОСТ

## „ПОДГОТВЕНОСТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЦЕЛИТЕ ЗА ОДРЖЛИВ РАВОЈ ДО 2030 ГОДИНА”

02 2023 РУ 03



Скопје, февруари 2024 година

## С О Д Р Ж И Н А

| Опис | Страна |
|---|---|


| | | |
|---|---|---|
| Список на кратенки | | |
| РЕЗИМЕ | | 1 |
| 1. | ВОВЕД | 5 |
| 1.1. | Основ и причини за извршување на ревизијата | 6 |
| 1.2. | Предмет на ревизија | 6 |
| 1.3. | Законска регулатива | 8 |
| 1.4. | Институционална рамка | 8 |
| 1.5. | Финансирање на дејноста | 8 |
| 2. | ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА | 11 |
| 2.1. | Цели на ревизијата | 11 |
| 2.2. | Ревизорски прашања | 11 |
| 2.3. | Опфат на ревизијата | 12 |
| 2.4. | Критериуми за ревизија | 12 |
| 2.5. | Методологија на ревизијата | 13 |
| 3. | РЕВИЗОРСКИ НАОДИ | 15 |
| 3.1. | Интегрирање на Агендата 2030 во националниот контекст | 15 |
| 3.2. | Капацитети за спроведување на Агендата 2030 | 32 |
| 3.3. | Мониторинг и известување | 38 |
| 4. | ЗАКЛУЧОК | 46 |
| 5. | ПРЕПОРАКИ | 47 |

Список на кратенки

| | |
|---|---|
| БИП | Брзата интегрирана проценка |
| ВРИ | Врховни ревизорски институции |
| ДЗР | Државен завод за ревизија |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДНП | Доброволен Национален Преглед |
| ЕУ | Европска унија |
| ЗУК | Заеднички управен комитет |
| НРС | Национална развојна стратегија |
| НСоОР | Национален Совет за одржлив развој |
| НСОР | Национална стратегија за одржлив развој |
| ОН | Обединети Нации |
| ООН | Организација на Обединетите нации |
| ПОР | Партнерство за одржлив развој: Стратегија на Обединетите нации 2016-2020 (UNDAF) |
| РСОР | Рамка за соработка и одржлив развој |
| ТРГ | Техничка работна група |
| УНДП | Програмата за развој на Обединетите нации |
| ЦОР | Цели за одржлив развој |

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

Број: 16-35/6
Дата: 16.02.2024

# РЕЗИМЕ

Извршивме ревизија на успешност на темата „Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година", со цел да дадеме одговор на прашањето **„Дали институциите и органите на Република Северна Македонија се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој до 2030 година?"**

Ревизијата на успешност е извршена согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година. Согласно Меморандумот за соработка со ВРИ на Република Србија, оваа ревизија на успешност е спроведена како паралелна ревизија.

Со ревизијата на успешност го опфативме периодот од 2015 до 2022 година, при што беше опфатен период пред и период по завршување на ревизијата, до денот на изготвување на овој извештај.

Со ревизијата беа опфатени Владата на Република Северна Македонија/Кабинетот на заменик на претседателот на Влада задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции/Националниот совет за одржлив развој, Министерство за надворешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање, Државен завод за статистика, а податоци беа обезбедени и обработувани и од министерствата од ресорите на: труд и социјална политика, локална самоуправа, финансии, здравство, правда, одбрана, внатрешни работи, образование и наука, култура, економија, земјоделство, шумарство и водостопанство и транспорт и врски.

За да одговориме на основното ревизорско прашање, ги определивме следните специфични прашања:

- До кој степен Владата ја има прилагодено Агендата 2030 во својот национален контекст?
- Дали Владата ги има утврдено и обезбедено ресурсите и капацитетите потребни за спроведување на Агендата 2030?
- Дали е воспоставен механизам за мониторинг и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030?

Опфатот и доказите кои се обезбедени по пат на спроведување на ревизорските техники и ревизорската методологија, даваат основа да го изразиме следниов заклучок:

Со спроведената ревизија и применетата ревизорска методологија, прибраните ревизорски докази, стекнавме разумно уверување дека **институциите и органите на Република Северна Македонија делумно се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој (ЦОР) до 2030 година** .

Основните предуслови за спроведување на обврските од Агендата 2030 се исполнети во Република Северна Македонија, односно во соработка со Обединетите Нации (ОН) воспоставена е стратешка рамка за интегрирање и усогласување на ЦОР во националните и развојните политики и стратегии, усогласеноста на ЦОР е 83%, односно 95% доколку се земе во предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции. Воспоставената институционална структура за управување со имплементацијата на целите за одржлив развој го застапува интегрираниот пристап, но нејзината функционалност е во доволна мера попречена од слабите административни капацитети, отсуството на процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, ограничените финансиски ресурси, неефикасни канали за комуникација и информирање, кои не обезбедуваат подигање на свеста за ЦОР и активна вклученост на засегнатите страни во одлучувањето и прилагодувањето на Агендата. Воспоставените инструменти за следење како што се Брзата интегрирана проценка (БИП), Доброволниот национален преглед (ДНП) и извештаите од Заеднички управен комитет (ЗУК) даваат добра основа за следење и мерење на напредокот и остварените резултати, но отсуството на платформа на веб страната на Државниот завод за статистика (ДЗС) го отежнува процесот на мониторинг и известување за сетот на индикатори преку кој се следи напредокот на државата и степенот на остварувањето на ЦОР и Агендата 2030.

Ревизорските активности беа насочени кон утврдени ризици во три области при што се утврдени следниве состојби:

### Интегрирање на Агендата 2030 во националниот контекст

Во соработка со ОН, во Република Северна Македонија воспоставена е стратешка рамка за интегрирање и усогласување на ЦОР во националните и развојните политики и стратегии. Имајќи во предвид дека Националната стратегија за одржлив развој (НСОР) не е ревидирана и во целост приспособена согласно целите и индикаторите на Агендата 2030, на национално ниво потребно е да се донесе Национална развојна стратегија (НРС), која е во фаза на подготовка, а која ќе ги опфати стратешките цели и приоритети за наредните 20 години. Секторските стратешки документите кои се донесени од 2018 година, воглавно ги рефлектираат насоките и принципите предвидени со ЦОР, освен стратегиите што се изготвени пред 2015 година, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е на задоволително ниво од **83%**, а доколку се земе предвид и имплементацијата на 55 ратификувани

меѓународни конвенции, степенот на усогласеност со ЦОР достигнува и 95%, што укажува дека постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој.

Воспоставена е организациска и имплементациска рамка за постигнување на одржливиот развој, но недостасуваат сите предвидени тела за поддршка, отсуствуваат процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, поради што недостасува редовна институционална комуникација и координација што ги поврзува различните нивоа на владини активности за **идентификување и меѓусебно поврзување на целите/таргетите** во насока на интеграција на меѓу секторските политики. Од друга страна, честите промени во раководењето на **Националниот совет** имаат влијание врз континуитетот и конзистентноста на управувањето кон остварување на стратешките цели.

Отсуството на ефикасни канали за комуникација и информирање се главната причина за недоволната вклученост за засегнатите страни и подигање на јавната свест, сметаат испитаниците од спроведеното истражување. Имено, само 5% од испитаниците сметаат дека се воспоставени канали за комуникација и информирање на засегнатите страни и јавноста, а нивната ефикасност ја оценуваат како делумна, додека 77% од нив сметаат дека не им се дадени доволно можности за активно учество во процесот на прилагодување на националната рамка со ЦОР.

## Капацитети за спроведување на Агендата 2030

Постојниот начин на буџетирање не дава јасна слика за тоа колку од средствата планирани и реализирани со буџетот се насочени во функција на остварување одделните цели и под цели на одржливиот развој и не овозможува ефикасно следење на резултатите од финансираните активности.

**Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за Рамка за соработка за одржлив развој (РСОР)**, претставува добра основа која ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишниот период на РСОР. Мобилизацијата на средства во главно се одвива согласно планираното, но расположливите средства по години не се искористени во целост. Од вкупно мобилизираните средства во износ од 124,6 милиони американски долари, во 2021 година на располагање на ОН во Република Северна Македонија биле ставени 44,9 милиони долари, од кои потрошени се 35,6 милиони долари, односно 79%, а во 2022 година од расположливите 37,4 милиони долари, реализирани се 31,3 милиони долари, односно 84%.

Клучните институции во националната рамка за глобално спроведување на агендата располагаат со ограничени капацитети кои не обезбедуваат добра основа за целосна координација и извршување на националните политики и приоритети.

**Мониторинг и известување**

Следењето и прегледот за напредокот на Република Северна Македонија кон остварување на целите за одржлив развој од Агендата 2030 се врши преку повеќе документи: Анализа за утврдување недостатоци, Брзата интегрирана проценка, Доброволниот национален преглед и годишните извештаи од ЗУК. Од глобалната рамка на индикатори, за Република Северна Македонија расположливи се 155 или (63%). Најголемиот дел од сетот на индикатори за ЦОР произлегуваат од програмата за работа на ДЗС, додека дел од останатите индикатори се обезбедуваат од други релевантни институции. Не воспоставениот систем за прибирање и следење на податоците од повеќе институции, не го олеснува процесот на известување како поддршка на механизмот за отчетност, Во таа насока, недостасува платформа на веб страната на ДЗС, која треба да го олесни пристапот, како би можело ажурираните податоци и метадата информации и изворите на информации за ЦОР индикаторите да бидат континуирано мониторирани.

Препораките дадени во овој извештај се однесуваат на активностите кои Владата преку ресорните министерства, како и другите државни институции и органи треба да ги преземат со цел отстранување на причините од утврдените неправилности, утврдени состојби или потенцијални ризици прикажани во овој извештај во продолжение, да преземат активности со кои ќе создадат услови за подобрување на целокупната активност поврзана со Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година.

Нагласуваме дека во текот на целиот процес на вршење на ревизијата, ревизорскиот тим на ДЗР имаше постојана стручна и професионална соработка и комуникација од назначеното лице за комуникација со ревизорскиот тим/надлежните и одговорни лица кај сите институции вклучени во низата на активности кои беа предмет на ревизија и кои изразија и покажаа позитивен однос кон ревизијата.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 16-35/1 од 10.01.2024 година.

# 1. ВОВЕД

Одржливиот развој, како глобален концепт, претставува предизвик со кој се соочува секој човек, држава и светот воопшто, сè со единствена цел да се обезбеди континуиран напредок и да се обезбеди одржлив развој за сегашните без да се загрози можноста за задоволување на потребите на идните генерации.

Последните децении, меѓународните институции и земјите континуирано прават напори за воспоставување и спроведување на соодветни цели и рамки на развој. Така, во 2000 година, лидерите на 189 земји во седиштето на Организацијата на обединетите нации (ООН) ја потпишаа Милениумската декларација со која се обврзаа да ги постигнат Милениумските развојни цели (Millennium Development Goals - MDGs), сет од 8 општи развојни цели, 18 посебни цели и 48 индикатори за следење на напредокот до целната 2015 година. Посебен фокус беше ставен кон намалување на сиромаштијата и гладот, превенција од опасни болести и развој на основното образование. Милениумските развојни цели остварија огромен придонес во подигнувањето на јавната свест, зголемување на мобилизирањето на политичката волја и ресурси за намалување на сиромаштијата.

Врз основа на постигнатиот успех и во насока на нивно продолжување, од страна на ООН во септември 2015 година се развиени и усвоени Целите за одржлив развој во документот „Трансформирање на нашиот свет: Агенда 2030 за одржлив развој“ [1]. чие главно мото е ***„намалување на нееднаквостите“ и „никој да не биде изоставен“.***

Агендата опфаќа збир од 17 цели за одржлив развој, 169 специфични цели/таргети и 230 индикатори. Основниот фокус на ЦОР е насочен кон искоренување на сиромаштијата, заштита на планетата и промовирање на мирот и просперитетот меѓу луѓето.

ЦОР се главен двигател на Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП) која опфаќа значителен потенцијал за раст и развој во различни области. УНДП работи во околу 170 земји и територии за постигнување на ЦОР.

ЦОР се насочени кон сите земји и треба да се спроведуваат на заеднички начин, кој ќе обезбеди нивно ефикасно и ефективно реализирање, преку обединување на централните и локалните власти, системот на ОН, ВРИ, граѓанските организации, приватниот сектор, академијата, граѓаните итн. Меѓусебната поврзаност на целите и нивната успешна реализација зависи од партнерството и соработката на земјата на локално и меѓународно ниво.

Во резолуциите на ОН јасно е утврдена виталната улога на ВРИ во овој процес. ЦОР прикажуваат сеопфатна визија за свет во кој граѓаните уживаат во подобар живот што го претставува главното мото на ISSAI 12[2] - ВРИ постојат за да придонесат со вредност и придобивки за граѓаните во нивните земји. Овие цели се интегрирани,

[1] Transforming our world: The 2030 Agenda for Sustainable Development (A/RES/70/1)
[2] INTOSAI P-12

универзални и неделиви и практично го покриваат целиот ревизорски опфат на ВРИ. Во тој контекст, ангажирањето на ВРИ со ЦОР и ВРИ што дава вредност и придобивки за граѓаните се два меѓусебно поврзани процеси.

## 1.1. Основ и причини за извршување на ревизијата

Согласно Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2023 година планирана е ревизија на успешност на тема „Подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на Целите за одржлив развој до 2030 година".

Ревизијата е планирана како ревизија на успешност и е паралелна ревизија во рамките на активностите со ВРИ на Република Србија.

Темата за ревизија е значајна од аспект на тоа да се оцени дали институциите и органите во Република Северна Македонија се подготвени за спроведување на Целите за одржлив развој кои се предвидени во Агендата за одржлив развој до 2030 година.

Со ревизијата до кој степен Владата е подготвена да ги спроведе ЦОР, ВРИ може да даде придонес во процесот на нивната имплементација. поради што Државниот завод за ревизија изврши ревизија на успешност за подготвеноста на Република Северна Македонија за имплементација на ЦОР до 2030 година.

## 1.2. Предмет на ревизија

### 1.2.1. Општи податоци за Целите за одржлив развој

Одржливиот развој претставува клучен предизвик со кој се соочуваат сите земји и светот како целина и е основа за денешната водечка глобална рамка за меѓународна соработка – Агендата 2030 и Целите за одржлив развој.
Главниот фокус на ЦОР се партнерства за просперитет и мир на луѓето и планетата.




Слика бр.1

Република Северна Македонија како членка на Организацијата на Обединетите Нации во 2015 година ја усвои „Агендата за одржлив развој 2030" и ја прифати како *„универзална рамка за зајакнување на колективната акција кон заеднички цели и предизвици",* при што „намалување на нееднаквостите" и *„никој да не биде изоставен"* се клучни принципи во основата на нејзините активности.



Слика бр.2

Идентификуваните 17 меѓусебно поврзани цели за одржлив развој се однесуваат на: свет без сиромаштија; свет без гладни луѓе; подобро здравје; квалитетно образование; родова рамноправност; чиста вода и санитарни услови; обновлива енергија; достоинствена работа и економски развој; индустрија, иновации и инфраструктура; намалување на нееднаквоста; одржливи градови и заедници; одговорна потрошувачка и производство; заштита на климата; зачувување на водениот свет; зачувување на копнениот свет; мир, правда и силни институции и како последна, но не и најмалку важна цел, е утврдено партнерство за остварување на целите. Сите 17 ЦОР се подеднакво важни, бидејќи во Агендата не постои хиерархија ниту надмоќ меѓу различните димензии на одржливиот развој. Тие воведуваат квантитативни и квалитативни цели во социјалните, економските и еколошките димензии на одржливиот развој, што треба да се постигнат до 2030.

ЦОР се расчленети во 169 таргети, кои се глобални по својата природа и универзално применливи, а при тоа земени се во предвид различните национални состојби, капацитети и ниво на развој и се почитуваат националните политики и приоритети. Секоја влада може да си постави свои национални таргети, согласно околностите во земјата и ќе одлучи како овие глобални таргети да се вградат во националните процеси, политики и стратегии за планирање.

ЦОР имаат глобален карактер и покриваат три критични димензии на одржливиот развој: социјални, еколошки и економски.

Економска
*економски ресурси, развој и раст*

Социјална
*социјални ресурси, солидарност и борба против сиромаштијата*

Животна средина
*природни ресурси, заштита и одржливо користење на природата и превенција и борба против загадувањето*



Слика бр.3

## 1.3. Законска регулатива

Република Северна Македонија располага со правна рамка која го промовира одржливиот развој на земјата како од аспект на Уставот така и со останатото приспособено законодавство[3].

Во поглед на планирањето и спроведувањето на успешен одржлив развој на национално ниво подготвени се и се следат низа среднорочни и долгорочни плански документи и стратегии кои се фокусирани на различни делови од одржливиот развој.

## 1.4. Институционална рамка

Владата преку министерствата и други државни институции и органи е директен носител на политиката за остварување на ЦОР.
Имајќи ја предвид мулти дисциплинираноста, повеќе димензионалноста и интегративноста на ЦОР, за нивното исполнување вклучени се бројни институции од национално, регионално и локално ниво.

## 1.5. Финансирање на дејноста

Со Брзата интегрирана проценка, утврдено е дека во периодот од 2016 до 2020 година за финансирање на 800 проекти од партнерите за развој, се потрошени 869.029 илјади евра. Од вкупно потрошените средства 22% се средства од Европската унија, а 12% се средства обезбедени колективно од Агенциите на Обединетите нации.
Одделно за секоја од целите потрошените средства се прикажани во графикон бр.1.

[3] Устав на РСМ, 17 ноември 1991 и сите амандмани (член 8, 42, 43, 44 итн.), Законите поврзани со заштита на животната средина, воздухот, бучавата, природата, водите, управувањето со отпадот и сл., Законите од областа на еднаквите можности, трудот и социјалната заштита и сл.

***Графикон бр.1: Официјална развојна помош од страна на 13 партнери за развој во 000 евра (вкупно за 2016-2020 )***




***Извор: Доброволен национален преглед***

Податоците укажуваат дека најголем дел од вкупните средства се наменети за ЦОР 11 Одржлива урбанизација/Градови (27%) и ЦОР 16 Инклузивно раководење (владеење) (17%) додека најмалку средства односно околу 1% се наменети за ЦОР 3 Здравје и ЦОР 13 Климатски промени.

Партнерите за остварување на Агендата 2030 утврдени во стратешките и планските документи за периодот 2021-2025, имаат обезбедено 124,6 милиони американски долари[4]. Одделно во графиконот бр.2 се прикажани изворите на средства во милиони американски долари.

[4] Заклучно со 31 март 2023 година

*Графикон бр.2:*

*Мобилизирани средства од партнери за спроведување на РСОР (2021-2025)*

*во милиони САД долари*




*Извор: Годишен извештај за остварени резултати 2022 година (април 2023)*

Најмногу неосновни финансиски средства се обезбедени од Швајцарија (16,85%), Република Северна Македонија (14,17%), ОН (13,03%), Шведска (11,69%), Европската Унија (11,32%), по што следат Заедничкиот фонд за ЦОР, Обединето Кралство, Глобалниот еколошки фонд, САД, Норвешка и други.

*Графикон бр.3: Структура на средствата за финансирање*

Структурата односно модалитетот на средствата на финансирање прикажана во графиконот десно укажува дека најмногу од средствата се алоцирани од одредени проектни и програмски активности, а најмалку од тематски фондови.



# 2. ЦЕЛИ, ОПФАТ И МЕТОДОЛОГИЈА НА РЕВИЗИЈАТА

## 2.1. Цели на ревизијата

Цел на ревизијата е да се процени националната подготвеност за спроведување на ЦОР, односно да се даде оценка дали Владата на Република Северна Македонија и нејзините надлежни институции се подготвени да ја спроведат Агендата 2030 и да се дадат препораки во насока на надминување на утврдените состојби за постигнување на додадена вредност од ревизијата.

Специфични цели на ревизијата се:

- Да се оцени степенот до кој Владата ја има прилагодено Агендата 2030 во својот национален контекст;
- Да се оценат утврдените и обезбедени ресурсите и капацитетите потребни за спроведување на Агендата 2030 и
- Да се оцени воспоставениот механизам за мониторинг и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030.

Со препораките кои ќе произлезат од оваа ревизија, додадената вредност од истата ќе биде во насока на: зајакнување на стратешката и правна рамка, соодветно воведување на ЦОР во системот на одржлив развој на земјата и нивното спроведување, што многукратно ќе влијае на позитивен начин на подобрувањето на низа процеси кои ќе придонесат кон подобри услови за развој на земјата, пред се економијата, вработувањето и квалитетот на живот, образованието, социјалната заштита, родовата еднаквост и други области.

## 2.2. Ревизорски прашања

Ревизијата на успешност е активност која ја спроведовме со цел да дадеме оценка и да одговориме на главното ревизорско прашање:

**„Дали институциите и органите на Република Северна Македонија се подготвени за спроведување на Целите на одржлив развој до 2030 година?"**

Специфичните прашања се следните:

- До кој степен Владата ја има прилагодено Агендата 2030 во својот национален контекст?
- Дали владата ги има утврдено и обезбедено ресурсите и капацитетите потребни за спроведување на Агендата 2030?
- Дали е воспоставен механизам за мониторинг и известување за напредокот во спроведувањето на Агендата 2030?

## 2.3. Опфат на ревизијата

Со ревизијата на успешност ги опфативме националните стратегии, политики и програми, како и преземените мерки и активности во периодот од 2015 година до 2022 година, а одредени прашања и настани се опфатени претходно и последователно до денот на известување за ревизијата.

Согласно утврдените ризици по добиените прелиминарни информации, а врз основа на избран примерок, извршивме теренска посета во Владата на Република Северна Македонија/Кабинетот на заменик претседателот на Влада задолжен за економски прашања, координација на економски ресори и инвестиции (КЗПВЕП)/Националниот совет за одржлив развој, Министерство за надворешни работи, Министерство за животна средина и просторно планирање и Државен завод за статистика.

Останатите субјекти, односно Министерствата од ресорот труд и социјална политика; локална самоуправа; финансии; здравство; правда; одбрана; внатрешни работи; образование и наука; култура; економија; земјоделство, шумарство и водостопанство; и транспорт и врски ги опфативме со прашалници, интервјуа со одговорните лица и увид во бараната документација.

Во опфатот на ревизијата, ги вклучивме ризичните области поврзани со: прилагодувањето на Агендата 2030 во националниот контекст, дефинирани процеси со јасно утврдени и разграничени одговорности на инволвираните субјекти, информираност и вклученост на засегнатите страни и јавноста во процесите, кохерентност на секторските политики и нивната координација; проценка и обезбедување на ресурсите и капацитетите потребни за имплементација на целите, системот за мониторинг и известување за напредокот на спроведувањето на Агендата 2030 и националните индикатори за мерење на напредокот.

## 2.4. Критериуми за ревизија

За оценка дали Владата на Република Северна Македонија и нејзините надлежни институции се подготвени да ја спроведат Агендата 2030 се искористени критериумите и показателите за оценка.

Критериумите за ревизија произлегоа од Агендата за одржлив развој 2030 година, Водичот „Воведување на Агендата 2030 година за оодржлив развој“ издадена од Групата за развој на Обединетите нации[5], Упатството за ВРИ за ревизија на подготвеноста за спроведување на ЦОР[6] и националните документи издадени од Владата за подготвеност за спроведување на ЦОР како што се:

[5] Mainstreaming the 2030 Agenda for Sustainable Development
[6] Guidance for Supreme Audit Institutions Auditing “Preparedness for Implementation of Sustainable Development Goals”/INTOSAI/ IDI

- Националната стратегија за одржлив развој;
- Записници од одржани седници на Национален Совет за одржлив развој (НСоОР);
- Стратегија за мобилизација на средства и партнерства за РСОР;
- Закон за буџети;
- Анализа за утврдување на недостатоците;
- Брзата интегрирана проценка;
- Доброволниот национален преглед;
- Годишни прегледи за постигнатите резултати;
- План за мониторинг, евалуација и учење (2021-2025 година).

## 2.5. Методологија на ревизијата

2.5.1. Ревизијата на успешност е извршена во согласност со стандардите на ISSAI за ревизија на успешност, Упатство за ВРИ за ревизија на Подготвеноста за спроведување на Целите за одржлив развој (IDI) и Кодексот на етика на Државниот завод за ревизија.

2.5.2. Кај оваа ревизија на успешност избравме и применивме комбиниран пристап ориентирани кон системите и резултатите.
Користењето на **пристапот ориентиран кон системи** ни овозможи да ги идентификуваме засегнатите страни во процесот на прилагодување на Агендата 2030 во националниот контекст и нивните расположливи капацитети, додека примената на **пристапот насочен кон резултатите**, ни овозможи да извршиме оценка на степенот на подготвеноста на Владата за имплементација на Агенда 2030 и ЦОР.

2.5.3. Со цел добивање на релевантни и доволни ревизорски докази кои водат кон ревизорските наоди, заклучоци и препораки, ги користевме методологијата и техниките на ревизија на успешност:

- проучување на законска и друга регулатива, стратешки и плански документи од областа предмет на ревизија,
- разговори/интервјуа со лица релевантни за темата на ревизијата,
- прашалници до релевантните субјекти,
- проверка на документација,
- анализа на податоци и информации,
- физичко набљудување и увид на лице место со фотографирање и
- интернет истражување.

2.5.4. Согласно законската регулатива и Меѓународните стандарди за ревизија, за потребите на ревизијата беа ангажирани надворешни стручни лица од областа, со цел спроведување на истражување за процена на нивото до кое се

преземени активности за информирање и вклучување на засегнатите страни и јавноста во прилагодување на националната рамка со ЦОР во Република Северна Македонија, односно да се утврди дали при креирање/ревидирање на стратешките документи се информирани/вклучени засегнатите страни. Во фокусот на истражувањето како засегнати страни се земени бизнис и граѓанскиот сектор, а во мала мера и локалната власт. Методите на истражување кои се применија беа метод на анкета, позадинско истражување (веб сајтови, медиуми и останати документи) и интервјуа со засегнати страни.

Методот на анкета беше спроведен преку структуриран прашалник до повеќе од 500 компании и повеќе од 1.000 невладини организации. Бројот на одговори што беше добиен е доволно релевантен примерок за анализа и за носење на веродостојни заклучоци од истражувањето.

2.5.5. Ревизијата на успешност е извршена во периодот од 13.03.2023 до 31.10.2023 година, од ревизорски тим на Државниот завод за ревизија.

2.5.6. Резултатите од спроведената ревизија на успешност беа презентирани на завршен состанок со претставници на субјектите предмет на ревизија на ден 19.12.2023 година.

Не се добиени забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор бр. 16-35/1 од 10.01.2024 година.

# 3. РЕВИЗОРСКИ НАОДИ

## *3.1. Интегрирање на Агендата 2030 во националниот контекст*

Во оваа област се фокусиравме на степенот на интегрирање на ЦОР во национален контекст и со ревизијата ги опфативме: планските и стратешките документи и политики прилагодени на барањата за ЦОР; институционалниот механизам за интегрирање на ЦОР; пристапите кои се користат за интеграција на ЦОР и подигање на свеста за ЦОР.

### 3.1.1. Интегрирање на ЦОР во националните развојни планови и стратегии

Во поглед на планирањето и спроведувањето на успешен одржлив развој на национално ниво во Република Северна Македонија се подготвени и се следат низа среднорочни и долгорочни плански и стратешки документи кои се фокусирани на различни сегменти од одржливиот развој.

Клучни **стратешки документи** кои го инкорпорираат одржливиот развој и Агендата 2030 во Република Северна Македонија, како што се прикажани во сликата што следи се:

- *Националната стратегија за одржлив развој 2009 -2030,*
- *Партнерство за одржлив развој (ПОР): Стратегија на Обединетите нации 2016-2020 (UNDAF)*[7] *и*
- *Рамка за соработка и одржлив развој за период од 2021-2025 година.*




Слика бр.4

[7] Partnership for Sustainable Development: United Nations Strategy 2016-2020, UN Country Team Skopje

3.1.1.1. Одржливиот развој и неговото навремено и сеопфатно стратешко и програмско уредување, начинот на утврдување на приоритетите и конкретните мерки и активности за негово остварување се од особено значење за правилен развој на секоја земја.

Заради усогласување на економскиот развој, социјалниот напредок и заштитата на животната средина на национално ниво, Владата има донесено Национална стратегија за одржлив развој со временска рамка од 2009-2030 година[8]. Нејзиното мото е: „Подобра иднина преку промени - користење на нашето богато општествено, културно и природно наследство на урамнотежен начин“ и ги опфаќа трите столба на развој: економски, социјален и животна средина.

Националната стратегија за одржлив развој се заснова врз:

- принципите за одржлив развој прифатени на глобално ниво, дефинирани на Конференција за животна средина и развој на ОН (Рио де Жанеиро, 1992) со цел Агенда 21 да биде во функција,
- Декларацијата и планот за имплементација од Јоханесбург 2002 усвоена на Светскиот самит за одржлив развој,
- принципите на Милениумската декларација на ОН во кои се содржани Милениумските развојни цели и
- принципите развиени во обновената Стратегија за одржлив развој на ЕУ, усвоена од страна на Европскиот совет во 2006 година.

НСОР како основен стратешки документ на национално ниво е развиен низ консултативен процес од страна на домашни експерти од различни области во соработка со 7 секторски и 4 меѓу секторски работни групи во кои биле вклучени претставници на локалните власти, академијата, граѓанскиот и бизнис секторот. Стратегијата се базира на претходните позитивни искуства на сите вклучени страни на исполнувањето на стандардите кои земјата ги има прифатено на меѓународен план, особено тие што се однесуваат на приближување на земјата кон ЕУ.

Фокусирана е на **шест главни области** и тоа: политика и правна рамка; животна средина; енергија; рурален развој; социјални прашања; мали и средни претпријатија; инфраструктура и транспорт и индустрија. НСОР се базира на три водечки принципи и тоа: Владата да има иновативна, поддржувачка и водечка улога во однос на општините и приватниот сектор; да се воведе е-управување и краткорочниот фокус да биде насочен кон високообразовната работна сила, со цел да се спречи понатамошниот „одлив на мозоци“.

---

[8] 12.01.2010 година

Имајќи во предвид дека **стратегијата е донесена пред да се усвојат ЦОР и не е ревидирана, истата не ги интегрира во целост целите и индикаторите на Агенда 2030.** Извршена е прелиминарна проценка на трошоците за имплементација на НСОР[9], но не е утврдена финансиска рамка за спроведување на општите и посебните цели, мерки и активности.

Истакнуваме дека Владата на Република Северна Македонија на почетокот на 2021 година го започна процесот на изработка на Национална развојна стратегија за период од 20 години[10].

Процесот на подготовка на стратегијата го следи начелото на широки консултации, вклучувајќи ги сите засегнати страни мапирани како клучни чинители за изработка и реализација на стратегијата, преку организирање работилници и дебати со граѓаните, транспарентно и редовно информирање преку дигиталната платформа ***www.nrs.mk*** и воспоставување оперативна структура одговорна за планирање, спроведување и следење на НРС.




Слика бр.5

[9] за реализација на пилот и демонстрациски проекти од прво и второ ниво се предлагаат дополнителни средства во износ од приближно 10 милиони евра и приближно 30 милиони евра во трето ниво
[10] Поддршка обезбедена преку Програмата за развој на Обединетите нации, УНДП, во координација со Канцеларијата на постојаниот координатор на ОН во Република Северна Македонија, финансиска поддршка од Фондот за добро владеење на Обединетото Кралство и од Министерство за финансии на Република Словачка.

Во март 2022 година развиена и донесена е Методолошката рамка на Националната развојна стратегија, во која се утврдени клучните начела и аспекти на кои треба да се заснова и тоа:

- ✓ Долгорочност: НРС е динамичен и актуелен процес што ги поставува главните параметри според кои треба да се движи државата,
- ✓ Системски пристап: зближување на институциите и градење капацитети за соработка со поголем фокус на хоризонталните стратегии,
- ✓ Вградена приспособливост: транзицијата, промената и развојот бараат постојани, флексибилни и адаптивни напори од сите релевантни актери во долг временски период,
- ✓ Комплементарност: НРС ќе обезбеди интеграција на сите тековни процеси и приоритети во сите сегменти на развојот на државата и
- ✓ Сеопфатно национални и меѓународни јавни и приватни фондови, преку промовирање финансирање иновативни извори за реализација на приоритетите предвидени во Стратегијата.

Во процесот на развој на НРС, подготвени се дваесет и три експертски студии за клучните стратешки области, кои ја претставуваат моменталната состојба и даваат основа за извлекување на клучните предизвици за секоја од нив. Врз основа на овие студии, Македонската академија на науките и уметностите подготви збирна анализа на актуелните состојби и предизвици во државата, за четирите тематски единици: човечки капитал, раст, животна средина и енергетика и инфраструктура и институции. Врз основа на одржани широки консултации и направени анализи, извлечени се потенцијални визии за секоја од тематските единици, како и една целокупна визија за развој на Република Северна Македонија. Според визијата, дадена е и препорака за нови тематски единици и соодветна прераспределба на моменталните стратешки клучни области. Предлог визиите и тематските единици како и распределбата на клучните области по тематски единици се сеуште предмет на дискусија со работните групи, по што треба да се извлечат и нивните конечни верзии. Во периодот од јуни/ноември 2023 година одржани се повеќе од 10 работни средби (дебати, јавни расправи, тркалезни маси, работилници) со засегнати страни за одделни тематски единици од НРС.

Ценејќи ги активностите за донесување на Национална развојна стратегија, а притоа имајќи предвид дека Национална стратегија за одржлив развој не ги инкорпорира во целост ЦОР, отсуството на национален стратешки документ согласно Агендата 2030, оперативни документи со утврдени национални носители, финансиски средства и временска динамика не обезбедуваат солидна основа за постигнување на таргетите кои произлегуваат од ЦОР.

3.1.1.2. Во процесот на интегрирање и усогласување на ЦОР во нејзините национални развојни политики и стратегии, Владата[11] со агенциите на ОН, потпишала документ **Партнерство за одржлив развој: Стратегија на Обединетите нации 2016-2020 година**[12] која обезбедува стратегиска и правна рамка за активностите на ОН во земјата за периодот 2016 - 2020 година и **Рамка за соработка и одржлив развој за период од 2021- 2025 година**[13], која претставува клучен стратешки документ за активностите на организациите на ОН во земјата.

- Договорот за партнерство е насочен кон воведување и спроведување на ЦОР преку приоретизирање на целите, резултатите и индикаторите кои агенциите на ОН и националните партнери се усогласиле дека имаат особено значење за земјата во првиот петгодишен период на спроведување на Агендата 2030. Утврдени се **пет среднорочни приоритети за одржлив развој** (повеќе и подобри работни места, поодговорно управување, подобар живот за ранливите лица, родова еднаквост и почиста, позелена и поотпорна животна средина ) за период од 2016 до 2020 година. Во прилог на документот развиени се анекси за сите стратешки приоритети во кои се опфатени ЦОР и таргетите на ЦОР, како и индикатори за мерење на нивната успешност. Исто така предвидени се и националните партнери и организации кои ќе придонесат кон исполнување на овие приоритети, критериуми и предвидени потребни средства по години. За негова имплементација изработени се **три заеднички работни плана** (2016, 2017- 2018 и 2019-2020) донесени од страна на Заедничкиот управен комитет, кои што се целосно спроведени. Според последната проценка на ПОР, со извршената евалуација спроведена на крајот на 2019 година, оценето е дека е постигната усогласеност која одговара на долгорочните цели на земјата, релевантните ЦОР и актуелните потреби, особено на најранливите и маргинализираните луѓе.

- По истекот на стратешкиот документ - Партнерство за одржлив развој, за обезбедување на континуитет склучена е Рамката за соработка и одржлив развој за период од 2021-2025 година. Во РСОР предвидено е Владата и другите засегнати страни, заедно со организациите на ОН да работат кон исполнување на **четири резултати** (вработување и деловно опкружување; здравство, образование, култура, социјални услуги и борба против насилство; животна средина и климатски акции и добро владеење), за решавање на утврдените клучни развојни предизвици во земјата и тоа:

[11] на 24 октомври 2016 година
[12] Partnership for Sustainable Development: United Nations Strategy 2016-2020, UN Country Team Skopje
[13] 26 октомври 2020




Слика бр.6

Во секој од стратешките приоритети наведено е кои цели се опфаќаат со кои таргети на ЦОР, резултатите што се очекува да се остварат, индикатори за мерење на успешноста како и носителите на активностите, односно националните партнери и организациите на ОН.

За операционализација на Рамката, се изготвуваат заедничките годишни работни планови од страна на Работните групи на ОН, во име на менаџмент-тимот на ОН, а се состојат од планирани интервенции и ресурси на ОН за постигнување на специфичните резултати кои придонесуваат кон остварување на резултатите предвидени со Рамката.

3.1.1.3. За спроведување на Агендата 2030 потребен е интегриран пристап за промовирање на сите димензии на одржливиот развој на балансиран начин и создава хоризонтална кохерентност и интеграција на политиките. Исто така, Агендата 2030 бара и вертикална кохерентност и интеграција на сите нивоа на власт за процесот на спроведување да ги одразува локалните, националните и глобалните прашања[14].

Хоризонталната интеграција на политиките се однесува на „процесите на носење политики што ја земаат предвид меѓусебната зависност на

[14] Упатство за ВРИ за ревизија на подготвеноста за спроведување на ЦОР

димензиите и секторите“[15]. Ова опфаќа управување со компромис и балансирање на не компатибилните приоритети, согледување на влијанијата (добри или лоши) што активностите во еден сектор може да ги имаат врз други и максимизирање на синергиите меѓу политиките што заемно се поддржуваат. Од друга страна, создавањето кохерентност на политиките, интеграција и партнерства во вертикална насока меѓу власта на централно и локално ниво, граѓанското општество, приватниот сектор и другите засегнати страни е суштинскиот и комплементарен аспект на хоризонталноста.

Во Република Северна Македонија, хоризонталната и вертикалната кохерентност при креирање на политиките се оценува преку **користење на алатките за интегрирано моделирање** [16] кои укажуваат дека во земјата се воспоставени процеси и механизми за оценка на степенот на вградување на ЦОР во националните политики и стратешки планови. Имено, секторските стратешки документите кои се донесени од 2018 година, во главно се усогласени и во нив се рефлектираат насоките и принципите кои се предвидуваат со ЦОР, освен стратегиите што се изготвени пред 2015 година, поради што усогласеноста на стратешкото планирање на развојот со ЦОР е **83%**. **Целосна усогласеност** (покриеност на сите пот цели од конкретна ЦОР) е утврдена со ЦОР 4 (образование), ЦОР 6 (вода), ЦОР 7 (енергија), ЦОР 9 (инфраструктура и индустријализација) и ЦОР 16 (инклузивно раководење). **Најнизок степен на усогласеност** од 50% е постигната кај ЦОР 10 (нееднаквост помеѓу и во земјите). Ако се земе предвид и имплементацијата на 55 ратификувани меѓународни конвенции, степенот на усогласеност со ЦОР достигнува и **95%**, што укажува дека постојната стратешка рамка на земјата релативно добро ги опфаќа клучните аспекти на одржливиот развој.

Степенот на вграденост на одделните ЦОР во националните стратешки документи како и со преземените меѓународни обврски е прикажан во графиконот бр.4.

---

[15] (ЕГМ УНДЕСА 2015)

[16] Анализа за утврдување недостатоци (Gap Analyses) 2016, Брза интегрирана оценка (Rapid Integrated Assessment), 2019/20
Доброволен национален преглед (Voluntary National Review), 2020

***Графикон бр.4 Покриеност на одделните ЦОР во Република Северна Македонија***




3.1.1.4. Имајќи ги предвид комплексноста и мулти-секторската природа на одржливиот развој во целина, и потребата од примена на нов сеопфатен и интегриран пристап на делување, со Стратегијата за одржлив развој предвиден е институционален механизам кој треба да даде поддршка на имплементацијата на одржливиот развој во државата.

Организациската и имплементациската рамка за постигнување на одржливиот развој е дадена на сликата што следи:




Слика бр.7

Од извршената анализа на организациската и институционалната поставеност за имплементација на НСОР, ги утврдивме следниве состојби:

- Со Одлука[17] на Владата во 2010 година формиран е **Национален совет за одржлив развој** како советодавно тело на Владата, со мисија да креира и одржува услови за спроведување на целите и да дава насока и патоказ за рамномерен економски, социјален и еколошки развој на државата.

  Во НСоОР има претставници од сите релевантни министерства, претставници од академските установи и приватниот сектор[18].

[17] Одлука Бр.19-6331/1-09 од 12.01.2010 година („Службен Весник на РМ“ бр. 8/2010)

[18] Членови на НСоОР до 2018 година: претставник од Секретаријатот за европски прашања (СЕП), министри на ресорните министерства од областа на: животна средина и просторно планирање; локална самоуправа; економија; труд и социјална политика; земјоделство, шумарство и водостопанство; финансии; информатичко општество и администрација; транспорт и врски; двајца

Структурата поставеност на НСоОР го застапува мулти секторскиот пристап, но потребно е вклучување и на претставници од единиците на локалната самоуправа и релевантните јавни институции кои имаат важна улога во имплементација на програмски активности и мерки кои придонесуваат кон остварување на ЦОР.

Со Одлуката, се дефинирани работите кои треба да ги извршува Советот и тоа: следење на процесот на интегрирање на ЦОР и Агендата 2030 при изработка на националните стратешки документи, разгледување на прашања од областа на политиките за одржлив развој, давање на мислења по предлози на нацрт-документи од областа на одржливиот развој пред нивно поднесување на разгледување и усвојување во Владата/Собранието, следење на имплементацијата на Националната стратегија за одржлив развој и другите стратешки документи од областа на одржливиот развој, давање мислења по однос на документи од областа на економијата, социјалниот развој, заштитата на животната средина, земјоделството и другите релевантни документи преку разгледување и давање мислења по секторски документи и легислативата кои се поврзани со одржливиот развој, развивање на соработка со релевантни институции во земјата и странство по однос на прашања од одржлив развој и разгледување на конкретни прашања и проблеми поврзани со одржливиот развој.

Утврдивме дека во периодот од 2015 - 2022 година, Советот има одржано пет седници од вкупно предвидените 16, согласно Одлуката и Деловникот.

- Согласно Одлуката од 2010 година, со НСоОР претседава заменикот претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, а експертска, техничка и логистичка поддршка на работата на Советот до формирање на Канцеларијата за поддршка на работата на Националниот совет предвидено е да ја врши Министерството за животна средина и просторно планирање. Со измените[19] од 2018 година, логистичката

пратеници од Собранието на Република Северна Македонија (без право на глас), претставник од Македонската академија на науките и уметностите, Стопанската комора на Македонија, додека претставниците од Природно математичкиот факултет; Машинскиот факултет; Универзитет на ЈИЕ; ДЕМ-Движење на екологистите на Македонија не се наведени во измената на одлуката од 2018 година, а со измената на одлуката од 2018 година членови се и министрите за: надворешни работи, образование и наука, здравство, правда; по еден претставник од: Стопанската комора за информатички и комуникациски технологии, Стопанската комора на Северозападна Македонија и Сојузот на стопански комори на Македонија; експерти од областа на: одржлив развој; економијата социјалниот развој и заштитата на животната средина. По потреба, на предлог на претседавачот и другите членови на НСоОР во работата на Советот учествуваат и претставници на други национални институции и организации, без право на глас.

[19] Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за формирање на Националниот совет за одржлив развој бр.44-9099/1 од 02.09.2018 година

поддршка на Националниот совет за одржлив развој е во надлежност на Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања, координација на економските ресори и инвестиции, а експертската и техничка поддршка ја врши Техничката работна група на Националниот совет за одржлив развој.

Во периодот од 2020 до 2022 година, на Кабинетот на заменик претседателот на Влада задолжен за борба против корупцијата, одржливиот развој и човечки ресурси, му е дадена надлежност да го следи одржливиот развој и со стапување на сила на Рамката за соработка за одржлив развој 2021-2025 година станува клучна владина институција надлежна за водење на процесите на носење политики, давање стратешки насоки и координација на сите развојни партнери. Од страна на кабинетот во наведениот период не се преземени никакви активности, а од 17.01.2022 година, со промена на владините структури овој кабинет повеќе не е во функција, а надлежностите се дадени на кабинетот на премиерот, без формално правен акт.

Имајќи ја предвид значајната улога на НСоОР, нередовното одржување на состаноци не обезбедува континуитет во следењето на процесот за имплементација на Целите за одржлив развој во државата, координација на институциите и интегриран пристап во решавање на клучните приоритети на земјата, додека честите промени во неговото раководење укажува на не соодветни политики за управување, кои како дел од контролното опкружување[20] имаат влијание врз континуитетот и конзистентноста на управувањето и остварувањето на стратешките цели.

- За имплементација на стратегијата, не се формирани предвидените тела: Национална агенција за одржлив развој (НАОР) , Национална банка за инвестиции за одржлив развој (НБИОР) и Универзитетски кампус за одржлив развој (УКОР), додека Канцеларијата за поддршка на работата на НСоОР за експертска, техничка и логистичка поддршка на советот, не е воспоставена.

  Со Одлука на Владата во 2012 година формирана е Техничка работна група[21] (ТРГ) со основна задача да обезбеди поддршка во процесот на конзистентна имплементација и следење на НСОР. Од 2018 година согласно Деловникот, ТРГ е надлежна и за имплементација на ЦОР и Агендата 2030 на ОН. Во периодот од 2015-2022 година, техничката работна група не се состанувала редовно, односно имаат одржано само четири состаноци, што упатува на неизвршување на своите надлежности во однос на континуирано следење на процесот за имплементацијата на ЦОР во државата.

[20]https://finance.gov.mk/files/u249/JVFK_%D0%90%D0%BA%D0%B0%D0%B4%D0%B5%D0%BC%D0%B8%D0%BA%D0%B0_1.pdf
[21] бр. 41-6345/1 од 26.08.2012 година

Во организациската и имплементациската рамка, недостасуваат сите предвидени тела за поддршка, отсуствуваат процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, поради што истите се фокусираат повеќе на консултации и/или на споделување на информации. Од тие причини отсуствува редовна институционална комуникација и координација што ги поврзува различните нивоа на владини активности за **идентификување и меѓусебно поврзување на целите/таргетите** во насока на интеграција на меѓу секторските политики.

3.1.1.5. Групата за развој на ОН за поддршка на земјите-членки во 2015 година изготвила насоки за Интегрирање на Агендата 2030 на ниво на земја, кои опфаќаат неколку последователни чекори, од кои првите два се однесуваат на:

- ✓ Подигање на јавната свест, што е од суштинска важност за Агендата 2030 да се поврзе со домашните прашања и приоритети и да се усогласат националните развојни планови и политики со ЦОР и
- ✓ Примена на пристап со повеќе засегнати страни со цел да се обезбеди партиципативност во одлучувањето и спроведувањето на агендата.

Агендата 2030 е фокусирана на луѓето–учество, инклузија, зајакнати капацитети на граѓаните и на граѓанското општество, а силните партнерства се од суштинска важност за процесот на спроведување. Градењето на партиципативни пристапи во спроведувањето на ЦОР помага да се зајакне отчетноста и развојот фокусиран на луѓето. Учеството на луѓето и на граѓанското општество е неопходно за да се обезбеди утврдување на приоритетите за развој, давањето инпут и предлагањето решенија за развојните предизвици, како и обезбедувањето отчетност за спроведувањето на агендата.

Деловните компании и граѓанските здруженија играат клучна улога во постигнувањето на ЦОР. Со усогласување на нивните стратегии и операции со принципите на одржлив развој, деловните компании можат да дадат значителен придонес во постигнувањето на ЦОР, промовирајќи поправедна, поотпорна и одржлива иднина за сите. Граѓанските здруженија се ангажирани во различни активности, застапувања и иницијативи за ангажман во заедницата. Тие служат како критични агенти на промените, ги премостуваат празнините во социјалните услуги, се залагаат за правда и еднаквост и поттикнуваат партнерства за справување со сложените глобални предизвици наведени во ЦОР. Нивното присуство и посветеноста на одржливиот развој ги прави вредни чинители во пошироката агенда за создавање поправеден и одржлив свет.

Во следната табела се прикажани дел од активностите кои деловните компании и граѓанските здруженија можат да ги преземат за остварување на ЦОР од Агендата 2030.

*Табела бр.1 Активности на деловните компании и граѓанските здруженија за остварување на ЦОР*

| ЦОР | Деловните компании | Граѓанските здруженија |
|---|---|---|
| 1 КРАЈ НА СИРОМАШТИЈАТА<br>2 КРАЈ НА ГЛАДТА<br>3 ОСИГУРУВАЊЕ НА ЗДРАВЈЕ И БЛАГОСОСТОЈБА<br>10 НАМАЛУВАЊЕ НА НЕЕДНАКВОСТА | Можат да промовираат фер трговија, поддршка на локалните заедници и имплементирање на инклузивни бизнис модели кои имаат корист за маргинализираните лица.<br><br>Можат да го промовираат здравјето и благосостојбата на вработените преку велнес програми на работното место и преку обезбедување безбедни и здрави работни услови. | Да одговорат на специфичните потреби на заедницата, се ангажираат во проекти поврзани со ублажување на сиромаштијата, одрживо земјоделство и здравствена заштита, промовирање на превенција од болести и поддршка на инфраструктурата за здравствена заштита во недоволно опслужените области. Играат витална улога во глобалните здравствени иницијативи, вклучително и напори за борба против болести како ХИВ/СИДА, маларија и туберкулоза. |
| 4 КВАЛИТЕТНО ОБРАЗОВАНИЕ | Инвестирање во програми за обука и развој на вработените, поддржувајќи образовни иницијативи и промовирајќи можности за доживотно учење. | Обезбедуваат програми за обука, работилници и образовни ресурси за да ги поттикнат заедниците со вештините и знаењата потребни за постигнување на ЦОР, вршат промовирање на пристап до образование и можности за доживотно учење. |
| 5 РОДОВА ЕДНАКВОСТ | Обезбедување еднакви можности за сите вработени, спроведување на недискриминаторски политики и решавање на родовите разлики во платите. | Промовирање на човекови права, родова еднаквост и социјална правда, решавање на прашања како дискриминација, насилство и нееднаквост, зајакнување на маргинализираните групи и застапување за еднакви можности. |
| 6 ПИТКА ВОДА И САНИТАЦИЈА | Усвојување на практики за ефикасно водоснабдување, минимизирање на загадувањето на водата и поддршка на иницијативи кои обезбедуваат пристап до чиста вода и канализација во заедниците. | Иницијативи кои обезбедуваат пристап до чиста вода и канализација во заедниците и се залагаат за промени во политиките на локално, национално ниво. |

| | | |
|---|---|---|
| 8 ПРИСТОЈНА РАБОТА И ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ<br>11 ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ НА ГРАДОВИТЕ<br>9 ИНОВАЦИЈА И ИНФРАСТРУКТУРА | Создавање работни места, поттикнување на иновациите, инвестирање во инфраструктурата и поддршка на технолошкиот напредок, да промовираат пристојни услови за работа, правични плати и инклузивни практики за вработување. | Ги едуцираат заедниците, владите и бизнисите за важноста на одржливиот развој.<br>Вршат следење и евалуација на напредокот за ЦОР преку собирање податоци, спроведување на истражувања и проценување на влијанието на интервенциите и помагаат да се обезбеди одговорност и транспарентност во стремежот за одржлив развој.<br>Реагираат на кризи и итни случаи, обезбедувајќи хуманитарна помош помагајќи им на заедниците да закрепнат и обноват по катастрофи. |
| 7 ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА<br>12 ОДРЖЛИВА ПОТРОШУВАЧКА И ПРОИЗВОДСТВО<br>13 БОРБА ПРОТИВ КЛИМАТСКИТЕ ПРОМЕНИ | Усвојат одржливи практики во нивните производни процеси, минимизирајќи го отпадот и намалувајќи го влијанието врз животната средина, прифаќање на принципите на циркуларна економија, како што се рециклирање и намалување на потрошувачката на ресурси.<br>Усвојување одржливи енергетски практики, намалување на емисиите на јаглерод и имплементирање на еколошки технологии. | Се залагаат за промени во политиките на локално, национално и меѓународно ниво за да се усогласат со целите на ЦОР |
| 14 СПАСУВАЊЕ НА ОКЕАНИТЕ, МОРИЊАТА И МОРСКИОТ СВЕТ<br>15 СПАСУВАЊЕ НА ШУМИТЕ И БИОДИВЕРЗИТЕТОТ | Со усвојување практики за одржливи извори, намалување на уништувањето на шумите и минимизирање на влијанието врз животната средина. | Се вклучуваат во проекти за пошумување, управување со отпад и одржливо управување со ресурсите. |
| 16 МИР И ПРАВДА | Одговорно и инклузивно работење почитување на правата на вработените. | Промовирање на стабилност во областите погодени од конфликт. |
| 17 ИЗГРАДБА НА ПАРТНЕРСТВА | Се вклучуваат во партнерства за споделување ресурси, знаење и експертиза, работејќи колективно кон заеднички цели за одржливост. | Соработуваат со владите, бизнисите и другите засегнати страни за да ги искористат ресурсите и експертизата, имаат олеснувачка улога во здружување на различни засегнати страни за колективна акција. |

Имајќи ги предвид насоките за интегрирање на Агендата 2030 во националниот контекст, важноста од обезбедување на партиципативност во креирањето на политиките и улогата на засегнатите страни пред се на деловните субјекти и граѓаните преку граѓански здруженија, ангажиравме надворешни лица кои направија истражување со цел да се процени свесноста на бизнис секторот за ЦОР, за придобивките од нивното остварување како и процена на нивото на преземени активности за информирање и вклучување на засегнатите страни и јавноста во прилагодување на националната рамка со ЦОР во Република Северна Македонија. Целта на истражувањето е да се утврди дали при креирање/ревидирање на стратешките документи се информирани/вклучени засегнатите страни.

Истражувањето опфати повеќе делови и тоа:

- Свесност за ЦОР и придобивки од нивна имплементација
- Вклученост во прилагодување на националната рамка
- Согледувања и предлози
- Комуникација
- Следење и напредок.

Резултатите од истражувањето покажаа дека ⅔ од испитаниците или 66% се запознаени со ЦОР, додека ⅓ не се (19%) или не се сигурни (15%) дали се запознаени со ЦОР. Резултатите од испитаниците кои се изјасниле дека се запознаени со ЦОР, на скала од еден до пет каде еден значи најниско, а пет највисоко, се прикажани на следниот графикон.

***Графикон бр. 5 Познавање за ЦОР***




Анализата на податоците покажува дека испитаниците имаат солидно познавање за ЦОР и користа од нивно исполнување од причина што повеќе од половината или 52% се изјасниле дека имаат многу добро (32%) и одлично (20%) познавање, за разлика од 11% кои сметаат дека доволно и 6% недоволно ги познаваат ЦОР.

Како најдобар начин за запознавање со ЦОР се оценети спроведените работилници и семинари (45% од испитаниците), информации објавени на социјалните медиуми (36% од испитаниците), веб - страницата на ОН (31% од испитаниците) и веб - страниците на владините институции (27% од испитаниците), што укажува дека овие начини треба да се користат позначајно во иднина како начин за информирање и вклучување на засегнатите страни. Во таа насока треба да бидат сконцентрирани активностите на носителите.

Во однос на прашањето за сознание за придобивките од остварување на ЦОР 44% се изјасниле потврдно, 50% се делумно свесни за придобивките додека само 6% немаат сознание кои се придобивките од остварувањето на ЦОР.

Врз основа на резултатите може да се каже дека ***сознанието за ЦОР и придобивките од нивно спроведување е на средно ниво.***

Поинаква слика даваат одговорите на прашањата кои се однесуваат на вклученост на засегнатите страни и јавноста во прилагодување на националната рамка за ЦОР.

Само 13% од испитаниците се изјасниле дека се запознаени во кои национални стратегии, политики и развојни планови се инкорпорирани ЦОР во нашата земја, 39% од опфатените субјекти се изјасниле дека биле вклучени во прилагодувањето на националната рамка на Република Северна Македонија со ЦОР, од кои (13% активно, а 26% пасивно). Во однос на прашањето „дали вашите предлози биле прифатени и инкорпорирани во националните стратешки документи“ 38% од испитаниците се изјасниле потврдно. Најголемо учество на субјектите биле вклучени во активности кои се однесуваат на ЦОР 13 Климатски промени, по што следат ЦОР 4 Квалитетно образование, ЦОР 8 Пристојна работа и економски развој ЦОР 9 Индустрија и инфраструктура и ЦОР 5 Родова еднаквост.

Резултатите покажуваат дека ***не е обезбедена доволна активна вклученост на засегнатите страни во прилагодувањето на националната стратешка рамка со ЦОР.***

Субјектите опфатени со истражувањето посочуваат бројни проблеми кои влијаат за вклучување на засегнатите страни и јавноста во спроведувањето на ЦОР, кои во главно се однесуваат на: немање системски пристап во вклучување на јавноста, недоволно разбирање/свесност на граѓаните и институциите, недоверба во институциите, недоволна вклученост во образовните процеси, ограничена политичка волја, недоволна видливост, недостиг на информации, недостиг на регулаторен притисок и мобилизација на општеството, немање соодветни човечки финансиски и технички капацитети и сл.

И покрај бројните предизвици 64% од субјектите сметаат дека бизнис заедницата и граѓанскиот сектор имаат можности активно да учествуваат во процесите за прилагодување со ЦОР. Како најрационални начини за ангажирање на засегнатите страни и јавноста во адаптацијата на националните стратегии и развојни планови кон ЦОР се сметаат јавни расправи/дебати (74% од испитаниците), работилници (64% од испитаниците), тематски собири и конференции (53% од испитаниците).

Како главна причина за недоволната вклученост на засегнатите страни истражувањето го посочува ***отсуството на јасно воспоставени канали за комуникација и информирање, односно испитаниците сметаат дека постојните се делумно ефикасни***. Ваквата констатација е врз основа на одговорите на испитаниците прикажани во графиконите бр.6 и бр.7.

***Графикон бр.6***
***Воспоставени канали за комуникација и информирање на засегнатите страни***




Само 4,7% од испитаниците сметаат дека се воспоставени канали за комуникација и информирање на засегнатите страни и јавноста за адаптација на националната рамка со ЦОР, додека 17,2% сметаат дека вакви канали не се воспоставени.

***Графикон бр. 7***
***Ефикасност на воспоставените канали за комуникација и информирање на засегнатите страни***




57,8% од испитаниците кои сметаат дека овие канали се воспоставени или делумно воспоставени, (графикон бр.6) истите нивната ефикасност ја оцениле како делумна, што може да се заклучи од податоците презентирани во графиконот бр. 7.

***Графикон бр. 8***
***Меѓу институционална комуникација и соработка***




Податоците од истражувањето прикажани во графиконот бр.8 покажуваат дека повеќе од половина односно 53% од испитаниците сметаат дека не е воспоставена или не знаат дали е воспоставена меѓу институционална комуникација и соработка во процесот на спроведување на ЦОР во Република Северна Македонија.

Истражувањето покажа, како што истакнавме дека 64% од субјектите сметаат дека бизнис заедницата и граѓанскиот сектор имаат можности активно да учествуваат во процесите за прилагодување со ЦОР. Имајќи ја предвид нивната важност во прилагодувањето и остварувањето на целите како би се обезбедил поправеден и поквалитетен живот на граѓаните, во рамки на проектот „Градење меѓу секторски партнерства за одржлив развој“, финансиран од Европската Унија, а го спроведува организацијата „Конект“ во 2019 и 2021 година беа доделени награди и признанија на компании и поединци кои покажуваат исклучителна ангажираност и со своите активности придонесуваат во остварувањето на ЦОР. Сепак и покрај добрите практики воочени кај деловните субјекти, истите како што може да се види од одговорите прикажани во сликата што следи, сметаат дека нивните можности за активно учество во процесот на прилагодување на националната рамка кон ЦОР не се доволно искористени од причина што не им се дадени доволно можности да учествуваат во процесот.




Слика бр.8

## 3.2. Капацитети за спроведување на Агендата 2030

Целосното спроведување на Агендата 2030 бара ефективна мобилизација на финансиски ресурси и партнерства. Агендата потенцира дека „кохезивни национални стратегии за одржлив развој, поддржани од интегрирани национални мрежи за финансирање“ ќе бидат во сржта на напорите за одржлив развој[22].

Националните власти ја делат одговорноста за глобално спроведување на агендата, на ниво што соодветствува на нивните капацитети и ресурси[23]. Секоја од земјите треба да ги разгледа различните финансиски механизми што се достапни за спроведување на Агендата 2030 и да ги трансформира своите национални процеси на буџетирање за да ја поддржи природата на ЦОР ориентирана на резултати[24] .

Развојната финансиска проценка (ДФА) на УНДП е алатка која може да им помогне на земјите да ги мапираат јавните и приватните, домашните и меѓународните финансиски текови за развој и да ги проценат политиките и институционалните поставки за финансирање за да ги зајакнат кохерентноста и врските меѓу различните финансиски текови, националните приоритети и ЦОР. Различни алатки овозможуваат ефективно насочување на достапните ресурси за јавното добро како поддршка на спроведувањето на ЦОР. Изборот на алатки треба да се заснова на контекстот и можностите во земјата. Новите технологии овозможуваат примена на партиципативни буџетски процеси и алатки засновани на резултати (буџетирање засновано на перформанси, буџетирање за резултати или партиципативно буџетирање). Економиите односно земјите кои можеби не се подготвени за ваков вид на буџетски механизми, може да користат преодни решенија како функционална и/или програмска класификација за подобро распределување и насочување на ресурсите.

[22] Став 63 А/70/1)

[23] (УНИТАР 2016).

[24] (УНДП 2015).

Преку ревизијата на подготвеноста за спроведување на ЦОР како што е прикажано на сликата подолу, го идентификувавме начинот на буџетирање и презентирање на потребните средства за остварување на годишните програмски активности, утврдената национална финансиска рамка, можностите за соработка и партнерства како и реализираните средства во функција на ЦОР и при тоа утврдивме:




Слика бр.9

3.2.1. Согласно постојните нормативни решенија и можности во Република Северна Македонија при подготовка на буџетот се користи преодно решение кое подразбира функционална и програмска класификација на приходите и расходите за подобро „идентификување на специфичните намени и извори на буџетските средства и за презентирање и систематско следење на приходите и на другите приливи и расходи и други одливи според надлежен орган, економска намена, функција, програма и извор на финансирање“[25].

- Економската класификација ги класифицира приходите и другите приливи согласно со нивната природа и расходите и другите одливи согласно со нивната економска намена во класи, групи, подгрупи, раздели и основни конта.
- Функционалната класификација ги класифицира расходите и другите одливи на Буџетот според нивните функционални општи и конкретни цели за кои се наменети, согласно со прифатената меѓународна класификација пропишана од страна на Обединетите нации.
- Програмската класификација претставува структура на шифри за класифицирање на програмите и потпрограмите утврдени со буџетот. Истакнуваме дека со Законот за буџетите донесен во 2022 година, чија имплементација треба да почне од 2025 година утврдено е дека „Програмската класификација опфаќа поделба на буџетот на политики, програми, потпрограми и проекти или активности дефинирани со

[25] Закон за буџетите (Службен весник на Република Северна Македонија 203/2022)

планските документи, истовремено групирајќи ги заедно сите јавни услуги и активности со заедничка цел и исход низ организациска структура.

Сегашната буџетска класификација на приходите и другите приливи и на расходите и другите одливи не овозможува целосно јасна и прецизна слика за тоа колку од средствата планирани и реализирани со буџетот се насочени во функција на остварување одделните цели и под цели на одржливиот развој и не овозможуваат ефикасно следење на резултатите од причина што со програмската класификација за политиките, програмите, потпрограмите и проектите или активностите дефинирани со планските документи, не е утврдена обврска за „одговорно буџетирање[26]“, „изјава за одговорно буџетирање[27]“ и „индикатори“ за следење и мерењето на напредокот во различни временски периоди за остварување на секоја одделна цел освен за ЦОР 5 Родова еднаквост.

3.2.2. Решавањето на комплексни прашања со кои се соочува светот бара институции/организации од секој сегмент на општеството да ги здружат ресурсите и експертизата со цел да создадат иднина со можности, изобилство и достоинство за сите. За нејзино успешно спроведување потребни се партнерства, но не само за обезбедување на средства туку и ангажмани за прашања од заеднички интерес со цел градење подлабоки и долготрајни соработки и постигнување напредок. Добра основа за одржлива и ефикасна имплементација на ЦОР на национално ниво, е јасен и сеопфатен долгорочен план за потребните средства за имплементација на Агендата 2030 во својот национален контекст. За таа цел, кон крајот на 2021 година, ОН во Република Северна Македонија изработи **Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР** , којашто ги дефинира заеднички квантитативни цели и квалитативни пристапи за мобилизација на средства и партнерства за петгодишниот период на РСОР.

Во неа се дефинирани стратешки цели, утврдена е финансиска рамка за спроведување на четирите стратешки приоритети на Владата утврдени во РСОР 2021-2025 година како и партнерите кои придонесуваат за напредок во исполнувањето на Агендата 2030.

За остварување на четирите приоритети на Владата за периодот 2021-2025 потребни се 178,2 милиони американски долари, од кои мобилизирани,

[26] „Родово одговорно буџетирање“ е процена на буџетите од родова гледна точка, вклучувајќи ја родовата перспектива на сите нивоа од буџетските процеси, планирање и преструктуирање на приходите и расходите со цел остварување на родовата еднаквост (Закон за буџетите Службен весник на Република Северна Македонија бр.203/2022)

[27] „Родово одговорна буџетска изјава“ е документ за вклучување на родовата еднаквост во областа која ја покрива избраната програма која е предмет на анализа; (Закон за буџетите Службен весник на Република Северна Македонија бр.203/2022)

односно расположливи се 124,6 милиони американски долари или околу 70%, додека треба да се вложат дополнителни напори за до обезбедување на останатите 53,6 милиони американски долари. Износот на потребните средства, нивното учество во вкупните, расположливите средства до 2021 година и средствата кои треба да се до обезбедат за секоја одделна цел е прикажано во сликата што следи.




Слика бр.10

Податоците укажуваат дека најмногу средства се алоцираат за обезбедување на здрава животна средина (47%) и добро владеење (27%). За остварување здрава животна средина потребно е да се вложат и најмногу напори за до обезбедување на средства во периодот 2021-2025 година од причина при изготвување на Стратегијата за оваа намена утврден е финансиски јаз од 51% помеѓу потребните и обезбедените средства.

Потребата од финансиски средства за остварување на владините приоритети индикативно по години и нивно учество во вкупните е дадено во сликата што следи.




Слика бр.11

Анализата на податоците укажува дека алоцирањето на потребните средства по години има тренд на опаѓање, односно во 2021 година потребата од финансиски средства е најголема 27% од вкупните, додека во 2025 година е 11% од вкупните.

Операционализација на Рамката за соработка за одржлив развој меѓу Република Северна Македонија и Обединетите нации 2021 – 2025 и Стратегијата за

мобилизација на средства и партнерства за РСОР се врши врз основа на Заеднички годишни работни планови за кои по истекот на периодот за кои се однесуваат се изготвува извештај за постигнатите резултати во земјата, предизвиците, можностите, научените лекции, потребни адаптации и проценки на тековниот контекст и очекуваните достигнувања.

Преку анализа на податоците од извештаите за постигнатите резултати[28] во делот на мобилизација на средства и нивно трошење во функција на остварување на четирите владини стратешки цели утврдивме дека:

- **Мобилизацијата** на средства во главно **се одвива согласно планираното**. Имајќи предвид дека Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР е донесена кон крајот на 2021 година утврдените мобилизирани средства во износ од 124,6 милиони американски долари се обезбедени како што може да се види од табелата бр.2 заклучно со 31 март 2023 година.

*Табела бр.2 Мобилизирани средства од партнери за остварување на РСОР 2021- 2025*

*во милиони САД долари*

| Година | Потребни средства | Расположливи средства со 31 март 2022 | Расположливи средства со 31 март 2023 | Обезбедени потребни средства во 2022 |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5=4/2*100 |
| 2021 | 48,8 | 44,9 | 43,3 | 89% |
| 2022 | 41,3 | 30,9 | 37,4 | 91% |
| 2023 | 39,1 | 8,4 | 28,5 | 73% |
| 2024 | 29,8 | 4 | 8,9 | 30% |
| 2025 | 19,2 | 0,9 | 6,5 | 34% |
| Вкупно | 178,2 | 89,1 | 124,6 | 70% |

*Извор: Годишни извештаи за остварени резултати на ОН во Република Северна Македонија 2021 и 2022 година*

- **Расположливите** средства по години **не се искористени** во целост. Како што е прикажано во графикон бр. 9 во 2021 година, на располагање на ОН во Република Северна Македонија ставени се 44,9 милиони американски долари, од кои потрошени се 35,6 милиони долари, што бележи стапка на реализација од 79%, а во 2022 година на располагање ставени се 37,4 милиони долари, од кои реализирани се 31,3 милиони долари, односно 84%. Нецелосното искористување на расположливите средства покрај објективни причини како пост ковид период, локални избори и сл. делумно е последица и на слабости во капацитетите на сите национални засегнати страни и недоволната свесност за значајноста и користа од успешното остварување на таргетите на целите на ЦОР. Во сите субјекти опфатени со ревизијата утврдена е потреба од зајакнување на кадровските капацитети (непополнети работни места, потреба од

[28] Годишен извештај за остварените резултати на ОН во Република Северна Македонија 2021 година и Годишен извештај за остварените резултати на ОН во Република Северна Македонија 2022 година

дополнителни обуки во дел на изработка на проектна документација за обезбедување средства од меѓународни извори, расположливи инвестициони фондови и сл.) како и техничка опрема (хардвер и софтвер) за интегрирано институционално и меѓу институционално дејствување.

***Графикон бр.9 Обезбедени и потрошени средства за 2021 и 2022 година***

***во милиони САД долари***




Несоодветните ресурси на националните институции освен за недоволно искористување на средствата влијаат и на квалитетот на услугите кои им се нудат на граѓаните, нивната сигурност и доверба во институциите.

- Во периодот 2021-2022 година за четирите области на РСОР, потрошени се вкупно 66,9 милиони американски долари. Најмногу средства се потрошени во областа Добро управување (19,7 милиони американски долари) и Здрава животна средина (19,5 милиони американски долари), по што следи Квалитетни услуги за сите (15,1 милиони американски долари) и Инклузивен просперитет (12,7 милиони американски долари). Ако се имаат предвид утврдените јазови во потребните и обезбедените средства за остварување на одделните цели може да се заклучи дека во земјата засегнатите страни **соодветно ги искористиле можностите за партнерство** за обезбедување на ресурси. Имено, податоците од табелата бр.3 покажуваат дека јазот во средствата кој е детектиран при подготовка на Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР за сите цели е намален.

***Табела бр.3: Јаз на финансиски средства за остварување на стратешки цели во РСОР 2021-2025***

***во милиони САД долари***

| Стратешка цел | Потребни средства | Обезбедени средства 2021 | Јаз во средства | Обезбедени средства заклучно со 31 март 2023 | Јаз во средства |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4=2-3 | 5 | 6=2-5 |
| Инклузивен просперитет | 25,5 | 8,9 | 16,6 | 21,3 | 4,2 |
| Квалитетни услуги за сите | 25,2 | 10,4 | 14,8 | 18,5 | 6,7 |
| Здрава животна средина | 83,8 | 26 | 57,8 | 46,1 | 37,7 |
| Добро управување | 43,7 | 19,3 | 24,4 | 38,7 | 5,0 |
| Вкупно | 178,2 | 64,6 | 113,6 | 124,6 | 53,6 |

***Извор: Стратегијата за мобилизација на средства и партнерства за РСОР и Годишен извештај за остварени резултати 2022***

Најголемо намалување од околу 5 пати има во јазот помеѓу потребните и обезбедените средства наменети во функција на добро управување и околу 4 пати намалување на јазот во средства за обезбедување на инклузивна благосостојба /просперитет.

РСОР и ЗРП се дигитализираат преку онлајн платформа за планирање, следење и известување ОН ИНФО[29]. Алатката поттикнува перманентно следење на заедничките работни планови и им овозможува на одговорните во реално време да направи корекции на програмите т.е. да ги префрли ресурсите со цел развојните активности да дадат резултати. А јавноста може да добие целосна слика за активностите на системот за развој на ОН преку јавни контролни табли поврзани со веб-локациите на Тимот на Обединетите нации на национално ниво. Податоците објавени на платформата во ноември 2023 година за Република Северна Македонија покажуваат дека за реализација на стратешките цели мобилизирани/обезбедени се средства во износ од 146,2 милиони долари, што резултира јазот во финансиски средства дополнително да е намален за 21,6 милиони американски долари.

Намалувањето на јазот помеѓу потребните и обезбедените средства претставува добра основа за планирање на идни активности за остварување на стратешките цели, развој на земјата и поквалитетен живот на граѓаните.

## 3.3. Мониторинг и известување

Агендата 2030 година предвидува систематско следење и преглед за напредокот на сите нивоа за да се обезбеди негова ефективна и брза имплементација. Согласно Агендата, се очекува сите земји-членки на ОН да воспостават национални рамки за резултати, со цели и индикатори, како и **ефективни системи за следење** што треба да обезбедат навремени и висококвалитетни информации за креирање политики и распределба на ресурсите на спроведување на ЦОР. Овие рамки ќе го дополнат сетот на глобални индикатори кои се користат за следење и преглед на напредокот кон целите и таргетите[30].

3.3.1. Агендата 2030 се обврзува да се вклучи во систематско следење, мониторинг и преглед на напредокот со цел да придонесе кон ефикасно спроведување и да им помогне на земјите да го максимизираат и да го следат напредокот[31]. Агендата вклучува рамка за следење и преглед на национално, регионално и глобално ниво со цел да се промовира одговорноста, да се поддржи меѓународната соработка и да се поттикне заемното учење и споделување на добри практики (Став 73 А/Рез/70/1).

[29] https://uninfo.org/
[30] Агенда 2030 Параграф. 75 /RES/70/1
[31] (став 72 А/Рез/70/1)

Во таа насока, во Република Северна Македонија се подготвени повеќе документи кои ги следат националните политики за имплементација на ЦОР и тоа:

- ✓ Анализата за утврдување недостатоци[32] **е прв документ** кој го адресира вградувањето на Целите за одржлив развој (ЦОР) во националните политики и стратешки планови за периодот 2016 – 2030. Изготвен е во 2016 година од страна на експерти низ консултативен процес со релевантните чинители.

- ✓ Брзата интегрирана проценка им овозможува на земјите да го утврдат степенот на подготвеност и институционалниот капацитет за вградување на ЦОР во националното и локалното планирање на развојот. Брзата интегрирана проценка за Република Северна Македонија е спроведена во периодот од октомври 2019 до февруари 2020 и истата претходи на Доброволниот национален преглед. Со проценката опфатени се 30 плански документи, 55 меѓународни ратификувани конвенции и преку 800 развојни проекти реализирани во периодот 2016-2020, нормативната и легислативна база за целите од ЦОР 5 до ЦОР 16.

- ✓ Доброволните национални прегледи се дефинирани како процес за следење до нивото на усвојување на развојните агенди. Овие прегледи се важен елемент во механизмите за следење и мониторинг на Агендата 2030.
  Првиот Доброволен национален преглед за Република Северна Македонија е изготвен преку широко инклузивен пристап и соработка меѓу повеќе чинители[33]. Тој претставува солидна основа за национализирање на ЦОР и нивно интегрирање во националните, регионалните и локалните стратегии и планови и ја покажува испреплетеноста на Агендата 2030 и ЕУ пристапната агенда. ДНП е разгледуван и одобрен од Националниот совет за одржлив развој на последната седница одржана во 2020 година. Во мај 2020 година, конечната верзија е доставена до Владата за одобрување, а во јули 2020 година, ДНП беше претставен на високиот политички форум на Организацијата на обединетите нации.

- ✓ ЗУК врши годишен преглед на постигнатите резултати на ПОР и РСОР и го следи напредокот со планираните резултати преку разгледување и

[32] (Gap analyses SDG Mainstreaming into National Sustainalable Development Planning for the period of 2016 – 2030)

[33] Во подготовката на Доброволниот национален преглед за имплементација на „Агендата 2030" освен 12 министерства, свој значаен придонес дадоа и Стопанските комори, Фондот за иновации, триесетина граѓански организации, Агенциите на ООН во Северна Македонија, Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ), Шведската меѓународна развојна агенција (SIDA), Јапонската меѓународна агенција за соработка (JICA), Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), УСАИД, експерти од различни области, МАНУ, како Државниот завод за статистика.

усвојување на Годишниот извештај за резултатите, кои се изготвуваат од страна на Канцеларијата на постојаниот координатор на ОН. Изготвени се Годишни и полугодишни извештаи за следење на напредокот за 2020, 2021 и 2022 година, и исто така во месец ноември 2019 година изготвена е и Финална евалуација која ги презентира резултатите од Партнерството за одржлив развој-Стратегија на ООН за 2016-2020. Евалуацијата е фокусирана на активностите, достигнувањата и резултатите на сите резидентни (ентитети на ООН со воспоставени претставништва во Република Северна Македонија) и нерезидентни (ентитети на ООН со проектни канцеларии или активности управувани од локација надвор од Република Северна Македонија) агенции на ООН кои работат во Северна Македонија во периодот 2016-2020 година.

Со ревизијата утврдивме дека годишните извештаи за мерење на напредокот и остварените резултати од клучните стратешки документи не се доставуваат до НСоОР, како главно тело кое раководи со спроведувањето и следењето на ЦОР. Во месец февруари 2021 година донесен е **План за мониторинг, евалуација и учење кој што е изработен за целото времетраење на Рамката** (2021-2025), а е во согласност со стандардите на системот за развој на ООН и истиот е целосна одговорност на тимот на ООН во земјата.

- ✓ Националниот совет како советодавно тело на Владата на Република Северна Македонија има надлежност да ја следи имплементацијата на Националната стратегија за одржлив развој и другите стратешки документи од областа на одржливиот развој и да го следи процесот на интегрирање на Целите за одржлив развој и Агендата 2030. На седницата на НСоОР одржана на 25.12.2018 година, донесен е заклучок со кој се задолжува Техничката работна група на Советот да изработи План за имплементација на приоритетните цели за период 2019- 2020 година, најдоцна до март 2019 година, но истиот не е донесен, а во однос на известувањето за имплементација на стратешките приоритети и цели во 2015 година изготвен е само еден Извештај кој го опфаќа периодот од 2010-2014 година[34].

Воспоставените инструменти за следење, опишани во погоре наведените документи обезбедуваат систематско следење и преглед за напредокот на Агендата 2030. Неизвршувањето на надлежностите на ТРГ како експертска и техничка поддршка на Националниот совет за одржлив развој влијае на функционалното и ефикасно работење на НСоОР.

[34] од страна на Кабинетот на ЗПВЕП

3.3.2. Агендата 2030 ја препознава важноста на квалитетни, достапни, навремени и веродостојни расчленети податоци за да го следи напредокот и никој да не биде изоставен[35]. Податоците се клучна основа за креирање на политики и носење одлуки, за мониторинг на напредокот на Агендата 2030 и за обезбедување значајна одговорност и учество.

Глобалната рамка за индикатори за целите за одржлив развој е развиена од Меѓу агенциската и експертската група за индикатори за ЦОР[36] и договорена на 48-та сесија на Статистичката комисија на Обединетите нации одржана во март 2017 година. Официјалната листа на индикатори[37] со сите ажурирања направени до март 2020 година, вклучува 231 индикатор. Вкупниот број на индикатори наведени во глобалната рамка на индикатори за ЦОР е 247, односно одредени индикатори се повторуваат под две или три различни таргети.
Треба да се има во предвид дека постојат два концепта на следење на целите за одржлив развој:

- Европски концепт ЕВРОПА 2030/Статистички - резултат на статистичката програма хармонизирана со Евростат, прагматичен концепт кој тргнува од постоечки индикатори во статистичкиот систем;
- Политички глобален концепт АГЕНДА 2030– визија на шефовите на државите за глобален развој. Овој концепт има 3 вида на индикатори: методолошки дефинирани, индикатори за кои има само извори или методологија, како и индикатори за кои нема ни извор ни методологии.

Сетовите на индикатори на ЕУ и ОН следат ист концепт – 17 цели со индикатори. ЕУ индикаторите произлегуваат од програмата за работа и се т.н спремни за користење[38], додека индикаторите на ОН содржат голем број на индикатори кои не се од статистичка природа, а меѓу нив има значителен број на индикатори за кои нема дефинирано извор/ методологија.

Државниот завод за статистика во рамките на статистичкиот систем на Република Северна Македонија[39] врз основа на научни методи и сознанија, на корисниците им обезбедува податоци за економијата, демографијата, социјалниот живот, заштитата на животната средина и други области. Активностите што ги презема се насочени кон развој, производство и дисеминација на точни, објективни и квалитетни статистички податоци со цел корисниците да имаат информација за навремено и квалитетно деловно планирање и одлучување.

[35] (став 48 А/70/1)
[36] (IAEG-SDGs)
[37] https://unstats.un.org/sdgs/indicators/indicators-list/
[38] ready to use
[39] Член 7 од Законот за државната статистика

Заводот има координативна улога во рамките на меѓународната статистичка соработка. Во извршувањето на меѓународните обврски, во соработка со останатите овластени носители, мора да оствари споредливост со останатите европски земји, да ги почитува и да ги примени меѓународните стандарди вклучувајќи го и Кодексот за работа на европската статистика и активно да учествува во развојот на државната статистика на меѓународно ниво.

- Во контекст на обезбедување на ЦОР, соодветните податоци или индикатори се обезбедуваат преку редовните статистички истражувања што се спроведуваат во статистичките домени/области што се опфатени со Програмата за статистички истражувања. ДЗС, согласно програмата за работа ги продуцира преку редовните истражувања индикаторите кои ја сочинуваат рамката за следење на **европската Агенда 2030**. Имено, ДЗС го следи концептот на одржливиот развој, од статистички аспект како дел од програмата за работа која е усогласена со Евростат, обврска која произлегува од определбата за хармонизација со ЕУ законодавството. ДЗС од 2009 година го обезбедува сетот на индикатори воспоставен од ЕУ врз основа на Европската/ Лисабонската стратегија за одржлив развој. Овој сет опфаќа вкупно 100 индикатори, структурирани во 10 теми. Од 2019 година, со усвојувањето на Агендата 2030 од страна на Владата, ДЗС ја усогласи статистичката рамка за следење на индикаторите за одржлив развој и расположливите индикатори започна да ги објавува согласно европскиот дата сет во 17те препознатливи теми. Најголемиот дел од индикаторите **во ЕУ- ЦОР сетот** произлегуваат од програмата за работа на ДЗС. Останатите индикатори се обезбедуваат од министерства, други државни институции, агенции и тоа директно од нив или пак индиректно преку обработка на податоци кои тие ги прибираат и обработуваат самостојно или пак во ДЗС. Некои од индикаторите се обезбедуваат и од невладини институции (Transparency International), но и меѓународни институции. Развој на дополнителни методологии за истражувања од кои ќе произлезат ЦОР индикатори е планиран во рамки на хармонизирање со ЕУ статистиката (во делот на земјоделските статистики, статистиката на животната средина, здравствената статистика и сл.)

  Во ноември 2019 година ДЗС ја има објавено последната публикација[40] статистички податоци за следење на степенот на реализација на концептот за одржлив развој во рамките на која се земени предвид стандардите и принципите согласно Европската стратегија за одржлив развој за следење на степенот на реализација на концептот за одржлив развој.

[40] Одржлив развој, 2018 (Sustainable development, 2018), Државен завод за статистика

Исто така, во Статистичкиот годишник на Република Северна Македонија, ДЗС ги вклучува податоците за сетот индикатори за ЦОР на ЕУ, следствено на регионално и национално ниво и овозможува следење на напредокот на целите, во контекст на долгорочните политики.

Овие податоци можат да се најдат и во базата на податоци МакСтат, како и на веб страната на ЕУРОСТАТ.




Слика бр.12

- Во декември 2019 година, Канцеларијата на постојаниот координатор на ООН организирал работилница „Рамка за индикатори на Агендата 2030“ на која учествувале 80 претставници од Владата и од агенциите на ООН. Учесниците и Државниот завод за статистика ја валидирале предложената рамка од 100 индикатори. Во прилог на Доброволниот национален преглед подготвен е статистички анекс кој **не претставува национален ЦОР сет на индикатори**, туку збирка на сите достапни индикатори релевантни за одржливиот развој без оглед дали се дел од ЕУ или УН рамката, нотирано и во Рамката за соработка за одржлив развој 2021-2025, каде еден од клучните предизвици е усвојувањето на **сет на национални индикатори за ЦОР**.
  Од вкупниот сет на индикатори, за Република Северна Македонија расположливи се 155 или (62,8%). Најголемиот дел од сетот на индикатори за ЦОР произлегуваат од програмата за работа на ДЗС, додека дел од останатите индикатори се обезбедуваат од други релевантни институции.

  Податоците за глобалната рамка 2030 се обезбедуваат така што ДЗС **одговара на барањата кои се добиваат од страна на ОН како и т.н Custodian Agencies за податоците со кои располага**, а останатите барања ги пренасочува до оние институции за кои има сознание дека се одговорни. Во одредени случаи за кои нема сознание која институција е одговорна, барањата ги доставува до кабинетот на премиерот за натамошно процесирање.

Успешноста во однос на постигнување на целите за одржлив развој по индикатори се поставени на следниот линк:

https://dashboards.sdgindex.org/profiles/north-macedonia




Слика бр.13

Во Република Северна Македонија нема воспоставен систем за прибирање и следење на податоците од повеќе институции, што го отежнува процесот на известување како поддршка на механизмот за отчетност, кој треба да одговара на барањата за дизагрегација на податоците и да обезбеди навременост на прибирање на податоците, така што дизајнираните политики ќе имаат корист од ажурираните информации. За таа цел, недостасува платформа на веб страната на ДЗС, која треба да го олесни пристапот, како би можело ажурираните податоци и метадата информации и изворите на информации за ЦОР индикаторите да бидат континуирано мониторирани. Во таа насока, во Доброволниот национален преглед како следни чекори предвидено е воспоставување на дигитална платформа за повеќе чинители за сите активности и статистички податоци поврзани со Агендата 2030, но до денот на ревизијата не се преземени активности за нејзино реализирање.

Повеќе од половина од испитаниците опфатени со истражувањето (64%), сметаат дека подобро промовирање и унапредување за имплементација на ЦОР во државата ќе се обезбеди преку креирање на веб страна која ќе биде национален портал преку кој редовно ќе се објавуваат ажурирани податоци за напредокот.

## Добра пракса

Националните платформи за податоци како централни складишта на податоци за ЦОР, можат да се преземат директно од платформата, со што се олеснува известување на земјите и индикаторите да бидат достапни за јавноста. На корисниците им се обезбедуваат постојано ажурирани податоци за статусот на индикаторите и детални методолошки информации. Порталот за ЦОР обезбедува и регионална перспектива на моменталната состојба и напредок кон 17-те цели за одржлив развој на Агендата 2030 година и го идентификува изворот на податоци. Исто така, порталот ЦОР им овозможува на меѓународните организации одговорни за методолошки развој на индикаторите да преземаат податоци од државата и да ги користат во глобалното известување. Во таа насока како добра пракса би ги спомενале порталите кои се воспоставени и функционираат во Република Хрватска, Босна и Херцеговина, Словенија и др. земји.

# 4. ЗАКЛУЧОК

Веруваме дека спроведената ревизија ни даде основа да го изразиме следниот заклучок: **Институциите и органите на Република Северна Македонија делумно се подготвени за спроведување на Целите на одржлив развој до 2030 година** . Исполнети се основните предуслови за спроведување на обврските од Агендата 2030. Воспоставената стратешка рамка за интегрирање и усогласување на ЦОР во националните и развојните политики и стратегии обезбедува 83% усогласеност со ЦОР, односно 95% доколку се земат предвид и 55 ратификувани меѓународни конвенции. Воспоставената институционална структура за управување со имплементацијата на целите за одржлив развој го застапува интегрираниот пристап, но нејзината функционалност е делумно попречена од отсуството на процедури со јасно дефинирани надлежности и одговорности, слабите административни капацитети, ограничените финансиски ресурси, неефикасни канали за комуникација и информирање, кои не обезбедуваат подигање на свеста за ЦОР и активна вклученост на засегнатите страни во одлучувањето и прилагодувањето на Агендата 2030. Воспоставените инструменти за следење како што се Брзата интегрирана проценка, ДНП и извештаи од ЗУК даваат добра основа за следење и мерење на напредокот и остварените резултати, но отсуството на платформа на веб страната на ДЗС го отежнува процесот на мониторинг и известување за сетот на индикатори преку кој се следи напредокот на државата и степенот на остварувањето на ЦОР и Агендата 2030.

# 5. ПРЕПОРАКИ

Од ревизијата произлегоа препораки за надлежните институции во насока на надминување и подобрување на утврдените состојби.

Владата на Република Северна Македонија/*Националниот совет за одржлив развој да преземат активности за:*

1. Интензивирање на активностите на изготвување на Националната развојна стратегија (3.1.1.1.).
2. Обезбедување на инклузивност, конзистентност и континуитет во работата на НСоОР и ТРГ (3.1.1.4.).
3. Преиспитување на организациската и имплементациската рамка за постигнување на одрживиот развој и нејзино јасно дефинирање во Националната развојна стратегија која е во подготовка (3.1.1.4.).
4. Зголемување на свесноста за придобивките од ЦОР на сите засегнати страни и нивно активно вклучување при креирање на политики и мерки како и реализација на активности во функција на остварување на ЦОР (3.1.1.5.).
5. Во соработка со Министерството за финансии да се обезбеди можност, одделните буџетски програми кои се реализираат преку буџетот на државата да се поврзат со одделните цели, под цели и индикатори од ЦОР со кои кореспондираат (3.2.1.).
6. Обезбедување на соодветни човечки и материјално технички ресурси во јавниот сектор за остварување на ЦОР (3.2.2.).
7. Обезбедување на дигитална платформа за прибирање и следење на податоците од повеќе институции/чинители за сите активности и статистички податоци поврзани со Агендата 2030 ( 3.3.2.).